**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

**Комитет за следење на ИПАРД Програма 2014-2020**

# Записник од десеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

19 мај 2022

Хотел Дрим

Струга

Арх.Бр. 20-10097/50

06.12.2022

## I. Листа на учесници

**Реџаил Исмаили –** Претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД II

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД:**

1. **Абдилгафар Синани** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Назмије Идризи**- Министерство за животна средина и просторно планирање;
3. **Елизабета Тодорова**- Министерство за економија;
4. **Петар Ѓеоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
5. **Арбен Халили**- Стопанска комора на северо- западна Македонија
6. **Сашко Арсов**- Агенција за храна и ветерина;
7. **Џемил Ќамили -** Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
8. **Јани Ќука**- Вина од Македонија;
9. **Агрон Фазлији –** Занаетчиска комора на РСМ;
10. **Даниела Димовска** – Универзитет „Гоце Делчев" Штип;
11. **Марина Тошевска**- ЛАГ АГРО ЛИДЕР;
12. **Сашо Крцоски -** Мрежа на млади фармери;

**Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД II:**

1. **Татјана Вета -** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Миле Трајковски**- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Сашо Кутлешовски**- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. **Виолета Димитриева**- Министерство за труд и социјална политика;
5. **Бајрам Мамути –** Министерство за локална самоуправа;
6. **Рефет Амети**- Министерство за култура;
7. **Дана Петреска- СЕП**
8. **Никола Станковски**- Агенција за поддршка на претприемништвото на РСМ
9. **Наташа Вртеска**- ЗЕЛС;
10. **Бранко Атанасов**- Факултет за ветеринарна медицина;
11. **Несим Сефери**- Универзитет Тетово;
12. **Арта Старова**- Македонско Еколошко Друштво;

**Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:**

1. **Зиго Рутковскис -** Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Франк Болен**- Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:**

1. **Костас Соупилас** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;

**Претставници на ИПАРД структура:**

**Претставници од НАО и НФ:**

1. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;
2. **Зорица Јосифоска**- Министерство за финансии;
3. **Александра Наковска**- Министерство за финансии.

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):

1. **Живко Брајковски** - раководител на Сектор за управување со ИПАРД:
2. **Игор Трошански**- заменик раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
3. **Виктор Младеновски** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. **Јасмина Хаџибулиќ** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. **Гордана Смилеска** - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. **Кирил Ристоски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Александар Антески** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
8. **Душко Јакимовски** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
9. **Саџиде Демир** – одделение за спроведување на агроеколошки мерки и LEADER.

Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):

1. **Никица Бачовски** – Директор на АФПЗРР;
2. **Вангел Наневски** - АФПЗРР;
3. **Владимир Христов** - АФПЗРР.
4. **Светлана Ристовска**- АФПЗРР;
5. **Панче Арсов**- АФПЗРР;

**Резултати: на десеттиот состанок учествуваа Претседавачот на Комитетот, 12 членови и 12 заменици со право на глас (од вкупно 32 членови со право на глас). Согласно член 8 став (3) од Деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.**

*Листата на присутност на членовите од последните два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 е прикажана во прилог 1 од овој записник.*

*Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

## II. Дневен ред за десеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | | Регистрација | ТУ Секретаријат | |
| | 09:00<br>09:30 | Потврда за присуство на членовите/заменициte за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | ТУ Секретаријат | Регистрација |
| | 09: 30<br>09: 40 | Отворање на состанокот | Претседавач/<br>г. Франк Болен<br>Раководител на ИПАРД одделение Г4, ГД за земјоделство, Европска Комисија | Отворање |
| 1. | 09:40<br>09:45 | Усвојување на предлог дневниот ред за десеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:45<br>10:00 | Усвојување на записникот од претходниот деветти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 15 декември 2021 | Претседавач | Финален записник |
| 3. | 10:00<br>10:15 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот деветти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 15 декември 2021 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | 10:15<br>10:45 | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| 5. | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | | |
| 5.1 | 10:45<br>11:30 | Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020 | АФПЗРР | Извештај на АФПЗРР |
| 5.2 | 11:30<br>12:00 | Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 6. | 12:00<br>12:15 | Дискусија/одобрување на годишен извештај за спроведување на ИПАРД за 2021 година | ТУ | Годишен извештај за спроведување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | **Активности за техничка помош** | | | |
| 7.1 | 12:15<br>12:30 | Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2022 | ТУ | Извештај на ТУ |
| 7.2 | 12:30<br>12:45 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020 | ТУ | Извештај за комуникација и публицитет |
| 8. | 12:45<br>13:00 | Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020 | НАО | Извештај на НАО |
| **9.** | **Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуација на ИПАРД Програмата** | | | |
| 9.1 | 13:00<br>13:20 | Напредок на активности поврзани со евалуација на ИПАРД Програма 2014- 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **10.** | **Статус на ИПАРД Програмата 2021- 2027** | | | |
| 10.1 | 13:20<br>13:55 | Информација за статусот на ИПАРД Програмата 2021- 2027 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **11.** | **Разно** | | | |
| 12. | 13:55<br>14:00 | Предлог на дневен ред за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II и усогласување на датумот за негово одржување | Претседавач/ Претставници од Европската Комисија | Дискусија |
| | 14.00 | Затворање на состанокот | Претседавач | |

## III. РЕЗУЛТАТИ ОД СОСТАНОКОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД II ПРОГРАМАТА

**Отварање на состанокот**

Г-дин Франк Болен, раководител на одделението Г4 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), ги поздрави членовите на Комитетот за следење на ИПАРД изразувајќи задоволство од спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020. Иако новата ИПАРД III Програма е одобрена од страна ЕК во март 2022, останувaат други договори/ спогодби кои треба да се финализираат, сè со цел што поскоро да започне спроведувањето на новата ИПАРД III Програма.

**Во врска со точка 1 од дневниот ред: "Усвојување на предлог дневен ред за десеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претседавачот на Комитетот, Реџаил Исмаили го отвори десеттиот состанок на Комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот. Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за десеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Членовите на Комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои дневниот ред за десеттиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот деветти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 15ти декември 2021".**

Претседавачот на Комитетот информираше дека записникот од претходниот состанок на Комитетот одржан на 15ти декември 2021 година, е испратен до членовите на Комитетот на 20ти јануари 2021 година. До 3ти февруари 2022 година до Секретаријатот не беа доставени коментари од членовите.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои записникот од деветтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 15ти декември 2021, како конечен.**

**Во врска со точка 3 од дневниот ред: "Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот деветти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 одржан на 15 декември 2021".**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин. Живко Брајковски, информираше за напредокот направен во спроведувањето на одлуките/заклучоците донесени на претходниот состанок на Комитетот, како и за одлуката за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020 за 2020 година донесена по пишана постапка.

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (деветти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Информација за Комитетот за следење на ИПА".**

Претставникот на Националниот ИПА Координатор, Дана Петреска информираше за состанокот на Комитетот за следење на ИПА, кој беше одржан на 22.03.2022 година. На истиот беше донесен заклучок за ИПАРД Агенцијата, кој што се однесува на потребата за обезбедување на нови простории како и заклучок за пополнување на човечките капацитети во самата Агенција. Претставникот на ЕК, г-дин. Зиго Рутковскис додаде дека ова се врвни приоритети не само за финализација на ИПАРД II Програмата туку и за спроведување на ИПАРД III. Директорот на АФПЗРР, г-дин. Никица Бачовски информираше дека сè уште се соочуваат со одлив на кадар и за таа цел ќе се дискутира за ангажирање на нов кадар како и внатрешна реорганизација во Агенцијата. Тој додаде дека на Владина седница бил донесен заклучок во однос на новите простории кои треба да се отстапат на ИПАРД Агенцијата. За реновирање и адаптација на истите обезбедени се финансиски средства преку проектот на Светска банка.

Во врска со оваа точка, членовите на Комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на Комитетот за следење на ИПА.**

**Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Состојба на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

**Во врска со подточка 5.1 од дневниот ред: "Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020" .**

Од аспект на одобрување и плаќање на барањата, претставници на ИПАРД Агенцијата, Наневски и Христов ги презентираа резултатите од спроведувањето на Програмата по јавни повици (Анекс 3 од записникот). Г-дин. Вангел Наневски истакна дека промената на процедурата за рангирање во голема мера го забрза процесот на обработка на барањата од јавниот повик 01/2020 за мерката 1 и јавниот повик 01/2021 за мерката 7. Во насока на скратување на времето потребно за обработка на барањата е и воведувањето на комитет за евалуација, односно надворешни експерти кои даваат свое мислење во однос на пазарните

цени засебно на секоја ставка од понудата. Ова дополнително го олеснува и утврдувањето на цените за специфични (custom made) типови на опрема.

Главна причина за одбивање на барањата од сите 3 мерки е некомплетност на барањата. Големо доцнење во текот на обработката на предметите е последица на бавниот одговор од страна на Бирото за судски вештачења во процесот на одредување на оправданост на трошоците. Исто така, заради пандемијата од вирусот Covid-19, одзивот на компаниите кои беа контактирани во постапката на истражување на пазарните цени беше многу слаб. Големиот број на пристигнати барања и недоволниот број на вработени, сеуште претставува проблем во процесот на обработка на барањата.

Претставниците на ИПАРД Агенцијата известија дека неколку баратели заради покачување на цените и висока разлика помеѓу одобрената цена и реалната цена на пазарот се откажуваат од реализација на склучените договори. Со овие откажување се ослободуваат резервирани средства и се отвора можност за објавување на уште еден јавен повик од ИПАРД 2014-2020 за мерка 3 во јули 2022 година.

За да се избегне губењето на средства во 2022 година, потребно е да се исплатат 8,6 милиони евра, најдоцна до 31.12.2022.

Воведувањето на авансна исплата е новитет што има големо значење и ИПАРД Агенцијата ќе го имплементира во иднина. Тоа значи дека Агенцијата би дозволила плаќање на авансни средства по однос на склучениот договор до 50% од вредноста на поддршката. ИПАРД структурата активно работи на одобрување на оваа процедура која подразбира да секој краен корисник кој што ќе склучи договор или има склучено договор, во одреден период ќе има право на авансна исплата до 50% од вредноста на поддршката, со услов да обезбеди банкарска гаранција во износ од 110% од бараната поддршка.

Во однос на човечките капацитети, претставникот на ИПАРД Агенцијата, г-дин. Вангел Наневски истакна дека за имплементација на новите мерки во ИПАРД III Програмата, потребни се дополнителни човечки ресурси. Агенцијата и понатаму се соочува со одлив на искусен кадар и за таа цел, потребно е да се зајакне политиката на зачувување и мотивирање на вработените.

Во однос на прашањето на претставникот на Занаетчиска комора на Република Северна Македонија, г-дин. Агрон Фазлији дали во нашата земја се води грижа за рамномерно одобрување на проекти по плански региони, директорот на ИПАРД Агенцијата г-дин. Никица Бачовски одговори дека за таа цел и се организираат работилници односно инфо денови, сè со цел, потенцијалните корисници од сите краеви да се запознаат со можностите кои што ги нуди самата ИПАРД Програма. Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски додаде дека стратегијата за регионален развој е политика на државата односно владина стратегија која е рефлектирана во ИПАРД III Програмата.

Во однос на прашањето на претставникот на МЗШВ, г-дин. Сашо Кутлешовски, дали авансното плаќање би претставувало ризик за ИПАРД Агенцијата, г-дин. Вангел Наневски одговори дека недостатокот на средства потребни за инвестирање е една од причините за откажување на

проекти. Директорот на ИПАРД Агенцијата, г-дин. Никица Бачовски образложи дека истото ќе привлече поголеми инвестиции, гринфилд инвестиции, инвестиции во преработка, инвестиции што ќе генерираат нови работни места како и поголема апсорпција на средствата.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите на ИПАРД Агенцијата.**

**Во врска со подточка 5.2 од дневниот ред: "Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење".**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин. Виктор Младеновски во детали ги презентираше резултатите од спроведувањето на Програмата и тоа по јавни повици, мерки, типови на сектори во мерките и типови на инвестиции. Младеновски се осврна и на географскиот аспект од спроведувањето на Програмата.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.**

**Во врска со точка 6 од дневниот ред: "Дискусија/одобрување на годишен извештај за спроведување на ИПАРД за 2021 година".**

Г-дин. Виктор Младеновски, информираше во однос на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020. Земајќи во предвид дека извештајот беше доцна доставен до членовите на Комитетот, истиот ќе биде усвоен по пат на пишана процедура сè со цел, членовите да имаат повеќе време да го разгледаат.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за состојбата со подготовка на Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД 2014-2020 за 2021 година.**

**Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Активности за техничка помош".**

**Во врска со подточка 7.1 од дневниот ред: "Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2022".**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин. Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2021 година. Сè уште е во тек реализацијата на набавка за кампања за публицитет на ИПАРД Програмата. Истата е во фаза на прегледување на тендерското досие од страна на Агенцијата и наскоро ќе биде објавен тендер за конкретната

набавка. Во однос на АПТА за 2022, тој додаде дека е реализирана набавката: „Синхронизирање на процедурите на ИПАРД Агенција со критериумите на новата програма за постоечки мерки- мерка 1, 3, 6 и 7". Во текот на 2022 година, можно е АПТА-та да претрпи одредени измени.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот во спроведување на АПТА за 2022 година.**

**Во врска со подточка 7.2 од дневниот ред: "Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020".**

Г-дин. Кирил Ристоски информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020 година, предвидена во Годишниот акционен план за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 година за 2022 година. Беа презентирани реализираните активности, како и идните планирани активности во врска со комуникацијата и публицитет за 2022 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со подточка 8 од дневниот ред: " Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020".**

Претставникот на НАО, г-дин. Владо Караманолевски, го информираше Комитетот за функционирањето на системот за управување и контрола на ИПАРД. Спроведени се две измени во системот: измени на внатрешните постапки за работа на ИПАРД Агенцијата и мали измени на Внатрешните прирачници за работа на Управувачката структура. Во моментов, ИПАРД Оперативната Структура подготвува измена на Процедурите за работа на ИПАРД Агенцијата за воведување на авансно плаќање.

Комитетот за следење беше информиран во врска со внатрешните ревизии извршени во текот на 2021 година од страна на Одделот за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција како и за извештаите од Ревизорско тело. Одделението за поддршка на Националниот координатор за авторизација (НАО) во рамките на Годишниот план за верификациски посети за 2022 година има испланирано три посети.

Во однос на човечките капацитети, односно задржувањето на веќе постоечкиот искусен кадар, од страна на НАО е иницирана постапка во која од ЕК се побарува да ја разгледа можноста за обезбедување на дополнителни финансиски средства. За оваа постапка информирани се и Националните координатори на земјите во регионот.

Во врска со ризикот од губење средства во 2022 година, тој информираше дека не постои потенцијален ризик за губење на средствата.

Во врска со оваа подточка беше усвоен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на фунционирањето на системот за управување и контрола.**

**Во врска со точка 9 од дневниот ред: "Информација/дискусија за резултатите од тековната евалуацијата на ИПАРД Програмата".**

**Во врска со подточка 9.1 од дневниот ред: "Напредок на активности поврзани со евалуација на ИПАРД Програма 2014- 2020".**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин. Александар Антески ги презентираше деталите во врска со евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020, односно планираните активности. Следниве причини беа наведени како пречки за спроведување на активностите за евалуација

- Недостаток на човечки капацитет поврзан со активностите за евалуација;
- Одложување на преносот на информации и податоци од Агенцијата;
- Неконзистентни податоци во врска со спроведувањето на ИПАРД II Програмата.

Во врска со оваа подточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на тековната евалуацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**Во врска со точка 10 од дневниот ред: "Статус на ИПАРД Програмата 2021- 2027 (ИПАРД III)".**

**Во врска со подточка 10.1 од дневниот ред: "Информација за статусот на ИПАРД Програмата 2021- 2027".**

Г-дин Александар Антески информираше за статусот на ИПАРД Програмата 2021- 2027.

Се очекува и Рамковната спогодба за финансирање и партнерство (FFPA) да се потпише и ратификува во јуни 2022 , како и Секторската спогодба чија ратификација исто така се очекува во јуни 2022. Во план е подготовка на една листа прифатливи трошоци која што ќе биде заедничка за сите земји корисннчки на ИПАРД. Ова е неопходно за да може да се подготват материјалите за публицитет и да се објави јавен повик. Првиот јавен повик за ИПАРД 3 се очекува да биде во последниот квартал на 2022 година.

Во однос на прашањето на претставничката на АГРО- ЛИДЕР, Марина Тошеска, кога може да се очекува акредитација на Мерката 5, г-дин. Никица Бачовски одговори дека потребни се дополнителни човечки ресурси, односно луѓе со стручно образование, што е предизвик да се најде во услови на административни плати. МЗШВ и ИПАРД Агенцијата веќе имаат искуство во менаџирањето на ЛАГ со поддршка од Националната програма за рурален развој. Од

аспект на човечки ресурси, можеби во некоја фаза од самата акредитација за таа мерка ќе може да се вклучат и некои постоечки капацитети кои што функционираат надвор од ИПАРД структурата, а работат моментално на националните програми и веќе имаат некое почетно искуство со лаговите и со мерката LEADER. Раководителот на ТУ со ИПАРД, г-дин. Живко Брајковски додаде дека прв приоритет е акредитацијата на веќе акредитираните мерки. Во однос на новите мерки, доколку се исполнат сите услови, истите ќе одат во пакет за акредитација.

Земајќи во предвид дека ратификацијата на FFPA може да одземе доста време, а во очекување е и ратификацијата на Секторската спогодба, претставникот на ЕК, г-дин. Зиго Рутковскис истакна дека тоа ќе влијае и на објавувањето на првиот повик за ИПАРД 3, а ќе влијае и на акредитацијата на веќе постоечките мерки. Процедурата за пренесување на правото за управување со средствата (roll over) на Мерките 1, 3, 7 и 9, ќе биде соопштена до националните власти и се очекува истата да биде поедноставена, односно, нема да се бара поднесување на целосен пакет туку само писмо со описот на мерките (во случај да нема поголеми промени во процедурите). Во однос на човечките капацитети, има разлика меѓу неопходните и вистинскиот број на вработени во моментов. Што се однесува до акредитацијата на новите мерки вклучувајќи ја и мерката инвестиции во рурална јавна инфраструктура и мерката LEADER, треба уште повеќе да се зголемат кадровските капацитети. Во однос на системот за електронска обработка на барањата во рамки на ИПАРД 3 кој сè уште е во фаза на изработка, тој додаде дека потребно е засегнатите страни, односно барателите, да бидат подготвени за таа новина, односно навремено да бидат информирани.

Во врска со оваа точка, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за статусот на ИПАРД Програмата 2021- 2027.**

**Во врска со точка 11 од дневниот ред: "Разно".**

За оваа точка немаше дискусија.

**Во врска со точка 12 од дневниот ред: "Предлог на дневен ред за следниот состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум".**

Во врска со точката 12 од дневниот ред, претседавачот информираше за нацрт агендата за 11от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II. Тој предложи датумот за следниот состанок да се договори во согласност со достапноста на претставниците на Европската комисија.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| Rexhail Ismailli | Живко Брајковски |

| | |
|---|---|
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: 6. 12. 2022 | Датум: 6.12.2022 |

Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реџаил Исмаили | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Абдилгафар Синани | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3 | Гоце Георгиевски | МЗШВ | / | √ | Сашо Кутлешовски | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | / | | Татјана Вета | 0 |
| 5 | Јован Стојановски | МЗШВ | / | / | Миле Трајковски | 0 |
| 6 | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | / | √ | Дана Петреска | 0 |
| 7 | Елизабета Тодорова | Министерство за економија | √ | | | 0 |
| 8 | Митко Јанкулоски | МЛС | / | √ | Бајрам Мамути | 0 |
| 9 | Авзи Демири | МК | / | √ | Рефет Амети | 0 |
| 10 | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Марјан Копевски | Министерство за транспорт и врски | / | / | / | 1 |
| 12 | Владо Аврамовски | Министерство за труд и социјална политика | / | √ | Виолета Димитриева | 0 |
| 13 | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Џемил Ќамили | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | / | √ | Никола Станковски | 0 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Васко Ристовски | Стопанска комора на Македонија | / | / | / | 2 |
| 17 | Васка Мојсовска | Национална федерација на фармери | / | / | / | 1 |
| 18 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | / | / | / | 1 |
| 19 | Далибор Ангелов | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | √ | Наташа Вртеска | 0 |
| 20 | Александра Мартиновска-Стојчевска | Факултет за земјоделски науки и храна | / | / | / | 1 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21 | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | √ | | | 0 |
| 22 | Даниела Димовска | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 23 | Марина Тошевска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 24 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 25 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | / | √ | Бранко Атанасов | 0 |
| 26 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 27 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | / | √ | Арта Старова | 0 |
| 28 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | / | / | / | 1 |
| 29 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | / | / | / | 1 |
| 30 | Јани Ќука | Вина од МАкедонија | √ | | | 0 |
| 31 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | √ | | | 0 |
| 32 | Бардул Лимани | Универзитет во Тетово | / | √ | Несим Сефери | 0 |
| | ВКУПНО: | | 25 | | | |

## Прилог 2: Листа на набљудувачи

**Претставници на владини институции:**

- **Александар Димитровски** - МЗШВ;
- **Александра Жоглева**- СЕП.

**Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):**

- **Љубица Локвенец** – Ревизорско Тело.
- **Светлана Тодоровска**- Ревизорско Тело.

**Претставници на економски и социјални партнери:**

/

## Прилог 3: Резултати од спроведувањето на ИПАРД Програмата

| Јавен повик (мерка) | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел | барања | ЕУ дел |
| 01/2017 (сите мерки) | 1.648 | 72.329.985 | 900 | 16.099.845 | 866 | 13.034.357 |
| 01/2018 (М3) | 65 | 15.306.651 | 38 | 6.700.036 | 33 | 2.850.423 |
| 02/2018 (М1) | 1.099 | 18.335.969 | 640 | 6.319.986 | 585 | 2.592.112 |
| 01/2019 (М7) | 261 | 43.821.070 | 78 | 6.839.115 | 30 | 845.734 |
| 02/2019 (М3) | 61 | 16.763.738 | 49 | 8.625.515 | 12 | 862.416 |
| 01/2020 (М1) | 748 | 21.012.213 | 358 | 4.313.605 | 111 | 323.389 |
| 01/2021 (М7) | 250 | / | / | / | / | / |
| Вкупно | 4.382 | 220.059.342 | 2.063 | 48.898.102 | 1.637 | 20.508.431 |